		Предметна програма од прв циклус на студии			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Бизнис логистика**			
2.	**Код**	**EBU 320**			
3.	Студиска програма	Е-бизнис			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Економски факултет - Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв			
6.	Академска година /семестар	Трета година/зимски семестар	7.	Број на ЕКТС-кредити	7,5
8.	Наставник	Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Нема			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Цел на предметната програма Бизнис логистика е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења од областа на бизнис логистиката и управувањето со синџирот на снабдување и со специфични вештини за примена на овие знаења во практиката. За остварување на овие цели, предметната програма ќе ги обработи теоретските аспекти на бизнис логистиката и управувањето со синџирот на снабдување, а потоа ќе се фокусира на нивната практична примена. Со усвојувањето на сознанијата на оваа предметна програма, студентите ќе можат: · да ја разберат појмовната определеност, значењето и содржината на бизнис логистиката и управувањето со синџирот на снабдување; · да ги идентификуваат главните елементи на управувањето со синџирот на снабдување и нивната поврзаност со синџирите на создавање додадена вредност во производството и мрежите на вредност; · да ги искористат потенцијалите на информациските системи за дигитализација на синџирот на снабдување; · да ги разбираат методите на предвидување и да ги применат при предвидување на побарувачката; · да ги познаваат и применат методите на управување со залихите.				
11.	Содржина на предметната програма: Основната поставеност на предметот Бизнис логистика говори за неговата ориентираност кон управувањето со синџирот на снабдување. Во него се опфатени содржини кои се фокусирани кон унапредување на мноштвото аспекти на синџирот на снабдување т.е.: е-трговија во поглед на набавката, интерните комуникации, односите помеѓу инволвираните страни, како и е-тровијата во поглед на продажбата. Предметот Бизнис логистика претставува симбиоза на електронското снабдување, како и електронската продажба и главниот фокус е ставен на дигитална трансформација на синџирот на снабдување. Предметот Бизнис логистика се концентрира на развојот на потребните компетенции, како збир на знаења, вештини и ставови, неопходни за извршување на активностите во доменот на управувањето со синџирот на снабдување, како што се: поим за логистика/синџирот на снабдување; стратегија и планирање на логистиката/синџирот на снабдување; производи и услуги кои им се нудат на потрошувачите; обработка на порачки;				

<table>
<tr><td></td><td colspan="5">логистички информациски систем; методи на предвидување; управување со залихи; управување со набавки; управување со транспорт; управување со складирање; управување со производство; влијание на електронскиот бизнис врз менаџментот на синџирот на снабдување; современи трендови во логистиката, дигитална трансформација на синџирот на снабдување.</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="5">Методи на учење: Предавања со презентации, интерактивни предавања, тимска работа, гостин на предавања, студии на случај, квизови, изработка и презентација на проектна задача.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="4">7,5 ЕКТС x 30 часови = 225 часови</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Распределба на расположивото време</td><td colspan="4">60+30+30+15+90 = 225 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1.</td><td colspan="2">Предавања - теоретска настава</td><td>60 часови</td></tr>
<tr><td>15.2.</td><td colspan="2">Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1.</td><td colspan="2">Проектни задачи</td><td>30 часови</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td colspan="2">Самостојни задачи</td><td>15 часови</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td colspan="2">Домашно учење – задачи</td><td>90 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="4">17.</td><td colspan="4">Начин на оценување 60+30+10 = 100 бода</td></tr>
<tr><td>17.1.</td><td colspan="2">Тестови</td><td>60 бодови</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td colspan="2">Индивидуална работа/проект (презентација: писмена и усна)</td><td>30 бодови</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td colspan="2">Активност и учество</td><td>10 бодови</td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td colspan="2">до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td colspan="2">51 x до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td colspan="2">61 x до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 71 до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 81 до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td colspan="2">од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="2">Услов за потпис и за полагање завршен испит</td><td colspan="2">реализирани активности</td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="2">Македонски јазик, англиски јазик</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">интерна евалуација и анкета</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.</td><td colspan="5">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Пулевска-Ивановска Лидија</td><td>Logistics/Supply Chain Management</td><td>Економски факултет-Универзитет„Св.Кирил и Методиј“-Скопје</td><td>2013</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Paksoy Turan, Gonul Kochan Cigdem, Samar Ali Sadia</td><td>Logistics 4.0: Digital Transformation of Supply Chain Management</td><td>CRC Press</td><td>2020</td></tr>
</table>

	22.2.	Дополнителна литература				
		Реден број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Langley John C., Novack Robert A., Gibson B., Coyle John J.	Supply Chain Management: A Logistics Perspective	Cengage Learning	2020
		2.	Chopra Sunil	Supply Chain Management: Strategy, Planning, and Operation	Pearson	2018